**Почитувани,**

**Како пресек од мојот двегодишен мандат како директор на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ и останатите 17 библиотеки во градот Скопје, беа преземени голем дел на активности од моја страна во соработка со Градот Скопје и останатите институции и приватни донатори во поглед на целосно подобрување во делот на инфраструктурата, зголемување на книжниот фонд (набавени 25.000 книги), реализирани сите програмски активности и меѓународни проекти, како и целокупните услуги кои ги обезбедуваат библиотеките во градот Скопје за своите читатели:**

1. **Библиотека „Браќа Миладиновци“**

- Молерисување во сите оддели во библиотеката „Браќа Миладиновци“
- Санација и целосно реновирање на внатрешните и надворешните скали
- Реновирање и опремување со нови столици и маси во читалните
- Реновиран одделот за белетристика, поставени нови дрвени рафтови и пулт
- Реновирање на холот во библиотеката (приземје и I кат)
- Поставено е лед осветлување во читалните и одделите
- Реконструкција на покривот во библиотеката, и во библиотечниот клон во Радишани
- Набавен нов Библиобус опремен со нови рафтови за потребата на Подвижната библиотека, која ги опслужува приградските и селските населби во Скопје
- Набавена опрема за дигитализација на книжниот фонд
- Набавени клима уреди (5 инвертери и 8 клими) за библиотеките кои се во состав на Градската библиотека
- Направена е заштита на оштетени стари и раритетни книги од фондот на библиотеката
- Опремување со видео надзор I и II кат со кој целосно ја зголемивме безбедноста на самиот објект.
- Реновирање и санација на депо за книги
- Реконструкција на 6 тоалети
- Реконструкција на внатрешните простории на II кат и промена на фасадна баварија (прозори и врати)
- Реконструкција на целокупната електрика и плафонот во холовите на приземје и прв кат
- „Nescafe“ простор за кафе и разговори, во холот на библиотеката

2. **Билиотека „Другарче“-општина Карпош**

- Реновиран одделот белетристика и детскиот оддел, нов пулт за услуги и поставена нова влезна врата со која драстично се зголеми термоизолацијата во објектот
- Поставено Лед осветлување во одделите со цел поголема заштеда на електрична енергија
- Извршена целосна реконструкција на игротеката, после 30 години, опремена со нов современ инвентар и детски играчки
- Формирано ново едукативно катче за учениците од основните и средните училишта од Скопје – едукативни работилници
- Целосна реконструкција на платото и скаличниот простор на влезот во библиотеката
- Инсталиран хидроуличен товарен лифт
- Реновирање на училницата за курс по англиски јазик

3. Во библиотеката во општина Ѓорче Петров беше направено целосно молерисување, поставено целосно ново лед осветлување како и реконструкција на кровот кој прокиснуваше
4. Во општина Гази Баба беше отворена библиотеката „Кочо Рацин“ во склоп на културниот дом и беше целосно опремена со нов инвентар.
5. Исто така целосно беа реновирани библиотеките „Рајко Жинзифов“ во населба Лисиче и библиотеката „Јордан Х. Џинот“ во населба Драчево по цели 40 години.